Врз основа на член 208 став 1, а во врска со член 184 точка г и е , член 192 и член 194 став 2 и став 5 од Законот за хартии од вредност ("Службен Весник на РМ" број 95/05, 25/07 и 07/08) , Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 03-03-2008 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се изрекува **ЈАВНА ОПОМЕНА** на " ТТК Банка АД Скопје", Дирекција за работа со хартии од вредност со седиште во Битола и директорот на Дирекцијата Василка Николовска заради непочитување на одредбите од член 121 став 2 од Законот за хартии од вредност и член 6 од Правилникот за содржина и начин на водење на книгата на налози ("Службен Весник на РМ" број 6/07), поради подоцнежно преправање во книгата на налози-блокови на Дирекцијата на налогот број 1002975757-66 за купување на 5.200 акции од издавачот ГП Гранит АД Скопје, даден од ГП Гранит АД Скопје.

2. Објавата на Јавната опомена за непочитување на одредбите од точка 1 на ова решение ќе се изврши на веб страната на Комисијата за хартии од вредност, на веб страната на Македонската Берза АД Скопје, на веб страната на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и во еден дневен весник кој излегува на целата територија на Република Македонија .

3. Се задолжува Македонска Берза АД Скопје по приемот на ова решение да го објави диспозитивот на ова решение на својата веб страна.

4. Се задолжува Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје по приемот на ова решение да го објави диспозитивот на ова решение на својата веб страна.

5. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување и истото ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

5. Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

**Број 08-662/2**

**Скопје, 03-03-2008 година**

**Комисија за хартии од вредност**
**Претседател**
**Марина Наќева-Кавракова**